Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/02 и 202/24), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16, 72/18, 16/22 и 49/26) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2026 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2026 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.27/2025), во глава IV.„Извори за финансирање на Програмата“, табелата се заменува со нова табела:

| Р:бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 13.000.000,00 |
| 2 | Ф | Ф2, ФА | Урбано Планирање | 11.300.000,00 |
| 3 | Ј | Ј7, Ј8, ЈА, ЈГ, ЈИ, ЈЛ, ЈМ, ЈН | Комунални дејности | 125.749.448,00 |
| 4 | К | КА | Капитални расходи во културата | 11.923.186,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 6.114.240,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **168.086.874,00** |

### Член 2

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЕА, потпрограма ЕА0 – Капитални трошоци на општината“, износот „8.200.000,00“ се заменува со износот „13.000.000,00“.

### Член 3

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈА, потпрограма ЈА0 – Изградба на јавно осветлување“, износот „3.000.000,00“ се заменува со износот „7.300.000,00“.

Во „Потпрограма ЈА0“, во глава „2. Изградба на Улично осветлување и Инсталации за напојување со електрична енергија“, по точка 2.1.2. се додава нова точка 2.1.3:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈА** | **ЈА0** | | | | **Изградба на јавно осветлување** | |
| | | | **2** | | | **Изградба на Улично осветлување и Инсталации за напојување со електрична енергија** | |
| | | | | | 2.1.3. | Изградба на улично осветлување на дел од ул.„6“, дел од ул.„Борис Кидрич“ и ул.„5“ за дел од блок 11 (11.3) Гевгелија | |

### Член 4

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води“, износот „70.971.192,00“ се заменува со износот „71.720.714,00“.

Во истата Програма ЈИ, во делот „потпрограма ЈИЦ - Изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа на ул.„Новопланирана 7“ во блок 3.1 Гевгелија“, износот „3.813.102,00“ се заменува со износот „3.601.335,00“.

Во истата Програма ЈИ, во делот „потпрограма ЈИД - Изградба на атмосферска канализациона инфраструктура за ул.Ванчо Прке“ и „Петар Мусев“ Општина Гевгелија“, износот „12.000.000,00“ се заменува со износот „12.961.289,00“.

**Член 5**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата по делот „Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води“, се додава нова „Програма ЈЈ – Изградба на депонии за отпад“, која гласи:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JJ** | **JJ0** | | | | **Изградба на депонии за отпад** | **1.000.000,00** |
| | | | **1** | | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | | **2** | | | **Изградба на објекти** | |
| | | | | | 2.1.1 | Изградба / дислокација на мали депонии | |

**Член 6**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈМ – Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи“, износот „27.219.210,00“ се заменува со износот „14.420.557,00“.

Во истата Програма ЈМ, во делот „потпрограма ЈМ0 - Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи “, износот „20.798.653,00“ се заменува со износот „8.000.000,00“.

Во истата „потпрограма ЈМ0“, во глава „2. Изградба“, по точка 2.1.3. се додаваат две нови точки 2.1.4. и 2.1.5.:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JM** | **JM0** | | | | **Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи** | |
| | | | **2** | | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | | | 2.1.4. | Изградба на бунар за експлоатација на подземна вода, за користење на техничка вода за наводнување на Урбан зелен парк покрај Сува река во Гевгелија | |
| | | | | | 2.1.5. | Изградба на детско забавно игралиште и поставување урбана опрема на КП бр.6491 во с.Миравци, Општина Гевгелија | |

**Член 7**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈН, потпрограма ЈН0 – Урбана опрема – капитални расходи“, износот „4.000.000,00“ се заменува со износот „6.500.000,00“.

**Член 8**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЛА, потпрограма ЛА0 – Спорт и рекреација – капитални расходи“, износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „6.114.240,00“.

**Член 9**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Вкупно“, износот „163.421.765,00“, се заменува со износот „168.086.874,00“.

**Член 10**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Рекапитулација на расходите“, табелата “, се заменува со нова табела:

**Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма / потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **13.000.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 13.000.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **11.300.000,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 2.000.000,00 |
| | **ФА** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 9.300.000,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **125.749.448,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 15.000.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 2.500.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 7.300.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 6.308.177,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 71.720.714,00 |
| | **ЈЈ** | Изградба на депонии за отпад | 1.000.000,00 |
| | **ЈЛ** | Капитални расходи за други комунални услуги | 1.000.000,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 14.420.557,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 6.500.000,00 |
| **К** | | **КУЛТУРА-Капитални расходи** | **11.923.186,00** |
| | **КА** | Капитални расходи во културата | 11.923.186,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **6.114.240,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 6.114.240,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **168.086.874,00** |

**Член 11**

Во глава VI.„Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање", во делот „VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште", во табелата во делот „3 Други објекти":

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- Спортски покриени објекти, 0,1;".

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- Спортски покриени објекти - монтажен с-м (балон), 0,1;".

Алинејата 4 се менува и гласи:

„- Спортски откриени објекти, 0,1;".

Алинејата 7 се менува и гласи:

„- Базени, 0,1 и".

Алинејата 8 се менува и гласи:

„-Трафостаници над 35KW, 0,1.".

**Член 12**

Оваа Програма влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-802/1
27.05.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Анета Стамкова***
с.р.